Врз основа на член 17-а од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96 ... 35/19 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19, 89/2022) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (Сл. Весник на РСМ бр. 283/2022) Советот на Општина Кичево, во својство на основач на претпријатието, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

За избор на еден член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Кичево

1.За членови на Управен Одбор во ЈКП „Комуналец" кандидатите мора да ги исполнуваат следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
-доказ за историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж
-изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација
-кратка биографија писмо за интерес/мотивација

2. Покрај исполнувањето на наведените услови кандидатите треба да имаат и работно искуство од областа:

- еден член треба да има најмалку три години работно искуство во областа на правните работи

3. Мандатот на избраните членови е четири години со право на уште еден последователен мандат.

4. Висината на надоместокот на избраните членови на Управниот Одбор на јавното претпријатие дополнително ќе биде утврден со Одлука на Советот на општината.

5. Доказите за исполнување на бараните услови да се доставуваат до архивата на општина Кичево, во оригинал или копија завена на нотар, на ул.Борис Кидрич бр.1

6. Рок на пријавување 5 дена од денот на објавата.

7. Комисијата за селекција по јавен повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на Општина Кичево.

8. Советот на Општина Кичево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови на Управен Одбор на ЈКП Комуналец" Кичево

9. Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Кичево, огласна табла на Општина Кичево и на веб-страната на ЈКП „Комуналец" Кичево.